SERICOL

*Техничко упатство*

# СЕРИПАСТА

## Средство за чистење

### ПРИМЕНА

Служи за чистење и одмастување на сита од синтетички влакна и метални сита од челични некородирачки влакна, алуминиумски рамки за сита, обртни сита, бакарни валци, валци за длабок печати други метални површини.

### КАРАКТЕРИСТИКИ

Ова средство е паста, со крем боја наменета за припрема на синтетички и метални сита од некородирачки челик, за нанесување на емулзија. Поефикасна е од растворот на натриум карбонат кој ги отстранува само природните маснотии. Серипастата ги емулгира и синтетичките маснотии, а раствора и други нечистотии.

Серипастата служи за:

- Отстранување на остатоци од боја и емулзија на шаблоните од ситото и спречување на појава на "духови", освен ако тие не потекнуваат од трлање на оштетените влакна на ситото;
- Одмастување на алуминиумски рамови за сита како и нивно хемиско нагризување со цел постигнување на потребна рапавост за затегање односно лепење на сита;
- Одмастување на обртни сита, бакарни валци, валци за длабок печат и други слични метални површини кај кои тоа е битно за понатамошна манипулација.

### УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

Одмастување на нови и веќе употребувани сита:

1. Ситото се навлажува со вода, со мека четка се нанесува Серипаста на двете страни од ситото и се остава неколку минути да одстои.
2. Темелно се измива со вода.
3. Се остава да се исуши пред нанесувањето на емулзијата и шаблонот.

Обновување на запуштени сита - за да се отстранат од ситото нечистотиите кои потекнуваат од остатоци на боја и емулзија, треба да се користи мешавина на Серисолв и Серипаста на следниот начин:

1. Се нанесува Серисолв со крпа на ситото, се додава Серипаста на едната и на другата страна и двете средства се мешаат со мека четка
2. Се остава да одстои 15 минути (подолго стоење може да ги оштети влакната од полиестерот.
3. Темелно се измива со многу вода пред да се вклучи силниот млаз. Потоа ситото се суши

## СТАНДАРДНО ПАКУВАЊЕ

Серипаста - базна паста за чистење:

- SJ-L53 Пакување од 25 кг
- SJ-L53 Пакување од 5 кг
- SJ-L53 Пакување од 1 кг

## РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ

Серипастата содржи 25% натриум хидроксид, па затоа има нагризувачко дејство и може да предизвика тешки изгоретини. Амбалажата после употребата веднаш цврсто да се затвори. Внимавајте да не дојде во допир со кожата и очите. Ако тоа се случи, кожата треба темелно да се измие со вода, а кај очите после испирањето веднаш да се отиде на лекар.

Упатствата и советите дадени во оваа техничка информација како и останатите стручни совети кои ви ги даваат нашите претставници, усмено или писмено, се базирани на современите научни сознаија и по наше уверение се точни. Меѓутоа, не можеме да гарантираме за нивната потполна прецизност бидејќи е невозможно секоја примена на нашите производи да биде предвидена, односно опишана, бидејќи производните постапки, печатарските и други материјали постојано се менуваат. Тоа е причината зошто нашите производи ги продаваме без гаранција и под услови корисниците на основа на своите сопствени испитувања односно проби, да се уверат дали одговараат на барањата. Политиката на постојано усовршување на нашите производи прави одредените информации да бидат застарени, па затоа ве молиме постојано да ги следите новите соопштенија.

**С И Т О Г Р А Ф И К А**
**1000 Скопје - ул. Јордан Мијалков бр.32 лок.2**
**тел/факс: +389 (0)2 3131-023 ; 3225-903**
**e-mail: info@sitografika.com.mk**